


# Ловција кој усмртил свој колега во Струмица се обидел да го прикрие инцидентот

ХРОНИКА / 10.12.2017 / 13:25

**Струмичката полиција до Основното јавно обвинителство во Струмица, поднела кривична пријава против струмичанецот З.Ј (38), поради сомнение дека пријавениот сторил кривично дело „тешки дела против општата сигурност“.**



Имено, завчера (08 декември), околу 13:50 часот, на местото викано „Медев рид“ во атарот на селото Белотино, во близина на браната Водоча, пријавениот заедно со уште седум лица бил на лов. Во еден момент испукал еден патрон со пушка сопственост на лице од селото Белотино и го погодил Ж.И. од село Рич, кој во моментот се движел по шумска патека низ непрегледна шума на оддлеченост од околу 30 метри.

Ж.И од истрелот се здобил со влезна рана во пределот на главата, од каде почнал обилно да крвари и паднал во безсознание.

Пријавениот, со намера да го прикрие настанот, ги известил другите лица кои во меѓувреме дошле на помош, дека Ж.И од невнимание се самозастрелал, притоа ја зел пушката која ја користел сега починатиот и ја пренел на друго место на оддалеченост на околу 50 метри потпирајќи ја на грмушка и враќајќи го петлето од пушката напред.

Откако повредениот од страна на другите лице кои биле на лов бил качен на трактор, со цел побрзо да му се пружи лекарска помош, пријавениот ја земал пушката со која бил на лов, заминал кон браната Водоча, земал метална жица и го одбравил затворачот на пушката кој бил оштетен, го извадил и го фрлил употребениот патрон во водите на браната, по што пеш заминал за село Белотино, враќајќи ја пушката на лицето од кое ја зел заедно со уште четири неупотребени патрони.

Повиканата екипа од итната медицинска помош од Струмица веднаш дошла и укажала лекарска помош по што повредениот со медицинско возило бил префрлен во струмичката болница, каде и покрај пружената лекарска помош и реанимација, им подлегнал на повредите.

Од извршените проверки било утврдено дека пријавениот и починатото лице не поседувале огнено оружје со дозвола за оружје, ниту пак биле членови во Ловното друштво „Беласица“ од Струмица.

По Наредба на јавен обвинител извршена е обдукција врз телото на починатиот. Пријавениот е лишен од слобода и задржан во ПС од ОН Струмица.

По целосно расчистување и документирање на настанот од страна на СВР Струмица изготвена е кривична пријава и доставена во ОЈО-Струмица, а судија на претходна постапка од Основниот суд Струмица на З.Ј. му одреди мерка притвор во траење од 30 дена.

**0 коментари** Подреди по Најстари

Додај коментар...

НАЈНОВИ НАЈЧИТАНИ

7 минути — Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки
22 минути — Нови тројца позитивни во Ценоа, кај Наполи двајца
1 минута — Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово
57 минути — Меланија Трамп на Twitter открила како се чувствува
1 час — Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите

ХРОНИКА


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување


16-годишник со пиштол пукал кон куче, но ранил врсник кој завршил во болница


Сообраќајка кај Железничка, од камион кој превезувал стакла паднал товарот




ВЕСТИ


ДЕТАЛНА АНАЛИЗА ЗА ПОРАСТОТ НА ЗАБОЛЕНИ ОД КОВИД, ВИКЕНДОТ ПРЕПОРАКА ЗА ЕВЕНТУАЛНИ НОВИ РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ


РАМА: АМБИЦИЈА НА ДВЕТЕ ВЛАДИ Е ДА СЕ УКИНЕ ГРАНИЦАТА МЕЃУ АЛБАНИЈА И КОСОВО


ОСМАНИ: ИМАМЕ ВИСОКИ ОЧЕКУВАЊА ОД ЕУ И АКТИВНО СЕ ПОДГОТВУВАМЕ ЗА СТАРТОТ НА ПРЕГОВОРИТЕ


Анкетни листови по престанокот на функцијата не доставиле 12 пратеници, 6 задоцниле


Слободни околу 9.000 работни места во државава


Нагорно-Карабах: Турција е во право, но решението е во рацете на Русите


Обесштетени 3/4 од штедачите во Еуростандард банка, исплатени 3 милијарди денари


225 новозаразени и шест починати, најмногу во Скопје


Новинар, режисер и поранешни вработени во УБК сведочеа во „Тврдина-Таргет“



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.
Согласни со iab. Етички кодекс